# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

II ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД

Појдовни основи за изготвувањето на наставната програма за втора година на средното стручно образование со тригодишно траење се:

- Програмскиот документ *Концепцијата за стручното образование за занимања од 2010 година*[1];
- *Заедничката европска референтна рамка за јазиците (теоретските основи и целите на современата настава по странски јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик)*[2].

Предметот англиски јазик се изучува како задолжителен предмет во средното стручно образование со тригодишно траење. Оваа наставна програма е дидактички документ со кој се даваат основните насоки за содржините и начините за реализација на наставата. Предметот се изучува со 2 (два) часа неделно, односно 72 часа годишно. Основната цел на стручното образование за занимања е на младите и на возрасните да им обезбеди можност да стекнат знаења, умеења и способности, односно компетенции потребни за работа и вработување и за доживотно образование.[3]

---

[1] Концепција за стручното образование за занимања, Скопје, октомври 2010.

[2] Како ориентација во однос на нивоата на јазчни компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на средното стручно образование предвид се земени предвид насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците,* кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик: Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Way stage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата В1 (преодно ниво/Threshold) и В2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво С1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и С2 (највисоко ниво/Mastery).
На крајот од тригодишното школување во средното стручно образование се очекува учениците да го постигнат нивото А2+/Б1.1.1 (темелно /преодно ниво).

[3] Концепција за стручното образование за занимања, Скопје, октомври 2010.

**Назив на наставниот предмет:** англиски јазик

**Вид на средно образование:** средно стручно образование со тригодишно траење

Програмата по англиски јазик во средното стручно образование се темели врз причините на учениците да го изучуваат овој предмет. Пред сѐ, тоа е нивната потреба за способности и знаења соодветни на професионалните околности поврзани со струката за која се определиле. Учениците треба во релативно краток временски рок да се оспособат да се служат со одредена и специфична област од англискиот јазик.

**Година на изучување на наставниот предмет:** втора година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- број на часови неделно: 2 часа
- број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

**Наставникот/наставничката може ги адаптира наставните содржини до 20% по свој избор во зависност од условите на работа (специфичноста на средината).**

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до III година)

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи за комуникација соодветна на нивната возрасна група, т.е. да се снаоѓа со англискиот јазик во дадената јазична ситуација;
- да го сфати составот и функционирањето на англискиот јазик како нужно средство за комуникација;
- да разбира звучни и пишани пораки, т.е. да развие способности за разбирање преку слушање и читање;
- да се оспособи да го препознае односот помеѓу говорниот исказ и тековната ситуација, да ги препознае намерите на соговорникот и соодветно да реагира;
- да стекне знаења и способности за правилно усно и писмено изразување со кои ќе биде конкурентен на пазарот на трудот;
- да научи нешто за земјата и културата чиј јазик го учи, т.е. да се поттикне за правилен став кон тој народ и неговите обичаи;
- во склад со претходното, да биде се оспособи на англиски јазик да зборува за културните и духовните вредности на сопствениот народ;
- да се оспособи за самостојна работа, т.е. да може во иднина да се надградува согласно со професионалните и личните потреби;
- да има развиено чувство на респект/почит кон различниот од себе;
- да стане конкурентен на пазарот на трудот.

**Напомена: Во II-ра година задолжително е да се обработаат 15% ESP (English for Specific Purposes) текстови, т.е. текстови кои се однесуваат на струката.**

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да ги усвои знаењата и вештините предвидени со оваа наставна програма;
- да може да комуницира на англиски јазик во секојдневието и во струката за која се определил/а.

## IV. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| КОМПОНЕНТА 1: ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[4] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Учемикот/ученичката:<br>-да може да го препознава и да го разбере значењето на лексички единици поврзани со секојдневниот живот и струката за која се | Занимања | Mechanic, equipment operator, welder,hairstylist, beautician, cosmetician, cook, chef, florist, gardener, vet assistant, waiter, tailor, tanner, pipe fitter, plumber, shoemaker, dairy worker, shop assistant, cabinet-maker, electrician, wood painter, baker, butcher, bricklayer, carpenter... | Активности од типот на вежби со:<br>- читање текстови;<br>- гледање одбран видео |

[4] При обработка на новиот лерксички материјал не треба да се воведуваат повеќе од ____10____ нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| определил/а;.<br><br>- да може да репродуцира и даупотребува лексички единици поврзани со секојдневниот живот и струката за која се определил/а;<br><br>-да воведување нови лексички единици врз основа на комуникациски контекст;<br><br>- да може да развие вештина на разбирање приручник/упатство од неговата струка. | Поими поврзани со струката<br><br>Производи и услуги поврзани со струката | Quality, customers, clients, product, skill, craft, service, servicing, fashion, health, hygiene,order, repair, electrical resistance/conductor, electric current ; maintenance, entrepreneurship,<br><br>Clothes/garments, handicraft, design, decoration, furniture, scaffold, flooring, lighting, fitting, drilling, landscape, transport,hazardous materials removal, | материјал;<br>- слушање одбран аудио-материјал;<br>- супституција,<br>- трансформација;<br>- подвлекување;<br>- пополнување;<br>- илустрирање,<br>цртање;<br>- поврзување слики и зборови;<br>- прашања и одговори;<br>- играње по улоги;<br>- игри и загатки;<br>- употреба на нови и |
| | Вокабулар за опис на работна средина и опкружување | Positive negative, friendly,inside, outside, at a desk, in a cubicle, surroundings, mirror, greenhouse, structure, workshop, sawmill, supervisor, inspection, contamination, | |
| | Материјали што се користат во струката<br><br>Алатки, машини и помагала што се користат во струката<br><br>Лексика за опис на материјали кои се користат во струката | fertilizers, manure, dairy products, shampoo, ingredients, leather, fabrics, building materials, plaster, concrete, bricks<br><br>tools, scissors, wrench, nuts, bolts, wires, screwdriver, mower, plow, harvester, hydraulic pallet truck, platform trolley, forklift truck<br><br>waterproof, flexible, sophisticated, sharp, expensive, home-made, safe, hazardous, home-grown, organic, nourishing, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | industrial, fresh, imported, unique, common, rare; | непознати зборови во реченици и контекст. |
| | Броеви и мерни единици што се користат во струката | tablespoon, teaspoon, pound (lb) , ounce (oz), square metre, square foot,<br>*The SI unit of electrical resistance is the ohm (Ω).* | |
| | Вокабулар поврзан со хигиена и безбедност во однос на струката | safety equipment, parts of the body, health hazards, occupational hygiene, injury, illumination extremes, radiation, air quality (IAQ), safety, | |
| | Вокабулар поврзан со еко-стандардите во однос на струката | energy saving, eco-textile standards, organic gardening, renewable materials; global warming, recycling;<br>*Repairing instead of replacing results in less waste.* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Фразеологија и идиомиза учтива комуникација со колеги, претпоставени и клиенти | *"Can I help you?" "I need a backet."*<br>*Thank you, it was very kind of you.*<br>*You are welcome.*<br>*Oh, don't mention it. /Any time.*<br>*Excuse me, can I have a word with you?*<br>*John, could you give me a hand?* | |

| КОМПОНЕНТА 2: ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги разбере граматичките елементи на англискиот јазик предвидени за ова ниво и правилно да ги применува во различни комуникативни ситуации. | Именки<br>- неправилна множина<br>-бројни и неброjни именки<br>Присвоен падеж | man-men, woman-women, foot-feet, fish-fish, child-children<br>oil, energy, money, milk, coffee, time;<br>a piece of furniture, two barrels of oil<br>customers' complaints, a day`s work | Активности од типот на вежби со осмислена примена на граматичкиот материјал во форма на стимулиран дијалог, максимално приближен до реалната |
| | Заменки<br>а) неопределени<br>б) повратни | *Somebody left the shampoo open.*<br>*Will anyone turn on the lights?*<br>*There is nothing wrong with this car.*<br>*I've cut myself.*<br>*When she looked at herself in the mirror,* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *she smiled.* | комуникативна ситуација.<br>Активности како што се диктоглос или граматичко диктирање, преплавување со инпут, заедничка сложувалка, структуриран инпут итн.<br><br>Интерактивни вежби од типит на референцијални и емоционални (афективни) активности. |
| | Придавки<br>а) без именки<br>б) степенување<br>в) неправилни придавки | the old, the unemployed, the Greek,<br>strong – stronger - the strongest, busy – busier – the busiest;<br>good – better – the best, bad – worse – the worst;<br>*Bob is a better worker than Bill.* | |
| | Редни броеви<br>Редни изрази | The first (1st ), the second, (1-100)<br>first, then, after that, in the end, | |
| | Прилози<br>а) место/ насока<br>б) зачестеност<br>в) време<br>г) начин | above, down, straight ahead, there<br>every day, always, usually, often, , never, once a month, twice a day<br>today, tomorrow, yesterday, later<br>quickly, carefully, professionally | |
| | Предлози<br>а) место<br>б) време | behind the warehouse<br>between the shop and the office<br>under the bridge / over the table above the lake / below the clouds<br>during the break<br>in August, in 2013 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | в) движење | on Tuesday, on the 2nd of May<br>across the street/along the river<br>into the building<br>to / from ( a town ) | |
| | Глаголски времиња<br>а) Present Simple | *The electricians join wires into boxes.*<br>*The electrician joins wires into boxes.* | |
| | б) Past simple<br>- правилни глаголи<br>- неправилни глаголи | *The hairdresser washed the woman's hair.*<br>*She didn't use hair-conditioner.*<br>*Tom cut the apple in pieces and ate it.* | |
| | в) Present perfect | *Susan has just planted 50 tulip bulbs.* | |
| | Идно време (will/won't) | *They will finish by noon.*<br>*Don't worry! I won`t forgetto lock.* | |
| | Модални глаголи | have to, must, mustn't, need, should, | |
| | Реченици<br>Условни реченици (тип 1)<br>Зависни временски реченици<br>Индиректен говор без сложување на времиња | *If you are busy, I will come later.*<br>*When we decorate the cakes we must be very careful.*<br>*"You can go home." The boss says that we can go home.*<br>*"Park the tractor in the garage" The mechanic told me to park the tractor in the garage.* | |

| КОМПОНЕНТА 3: ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции блиски на дадената струка;<br><br>- да може да води едноставна писмена и усмена комуникација во различни животни средини и професионални ситуации;<br><br>- да може да учествува во кратки дијалози за секојдневни ситуации поврзани со неговата струка; | Барање и давање информации за мерни единици, висина, должина, ширина, растојание | How tall /high is it?<br>It's 82.3 meters tall/high.<br>How long/wide/deep/far is ...? | Активности од типот:<br>кратки и едноставни дијалози според зададени елементи,<br>работа во парови,<br>работа во групи,<br>презентации на важни информации за себе, одредена професија и опкружување,<br>симулирање на интервју,<br>составување улоги,<br>драматизирање. |
| | Изразување на големи броеви, децимали, проценти, валути | 3560 (three thousand and five hundred - BrE)<br>3560 (three thousand and five hundred - AmE)<br>16.5 (sixteen point five)<br>17.38% (seventeen point three eight percent)<br>$7.80 seven dollars eighty<br>£3.15 (three pounds fifteen)<br>€ 250 (two hundred and fifty euros) | |
| | Барање и давање информации за цена на одреден производ/алат/апарат | How much are they?<br>How much do they cost? That's 95p altogether.<br>Have you got anything for ........ | |
| | Искажување припадност/посвојност | The manufacturer's name is ..... | |

<table>
<tr>
<td rowspan="4">- да може да поставува прашања и да дава одговори на истите во рамки на усвоените јазични структури и тематски содржини;<br><br>- да може да учествува во драматизација и симулација на дијалошки ситуации за одредена секојдневна тематика или тематика поврзана со дадената струка.</td>
<td></td>
<td>Mike's garage is .......<br>The door of the car .....<br>The name of the factory......</td>
<td rowspan="4">Активности од типот вербално искажување по дадени слики и постери.<br>Активности од типот мимики и пантомими.</td>
</tr>
<tr>
<td>Давање совет</td>
<td>You should...<br>I suggest...<br>Why don't...<br>If I were you...<br>How about....<br>I advise you to .....</td>
</tr>
<tr>
<td>Искажување намера, планови</td>
<td>Where are they going to work when they come?<br>She isn't going to buy the new machine.<br>Frank is going to study Electrical engineering.<br>I am attending the meeting on Friday<br>They are giving a presentation.</td>
</tr>
<tr>
<td>Барање/ давање информации</td>
<td>I would like some information about..............<br>What is her job? She is a cook?<br>Could you tell me about.........?<br>When does she go to work?<br>She starts at 8 o'clock.</td>
</tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Опишување својства на материјали, форми и состав | It is made of solid plastic.<br>It is used for ..................<br>It is round / square/ rectangle.............. | |
| | Опишување на едноставни работни процеси/операции | This micro camera is very practical. It is easy to use. It's made of strong material.....<br>Check the instructions on......<br>Start the operation ........... | |
| | Давање мислење/ согласување/несогласување | In my opinion ................<br>I (really) think that...........<br>I agree with you about .........<br>I agree that .......................<br>I don't agree. / I disagree.<br>I don't think so. | |
| | Телефонирање/службени разговори | - Can I speak to Mrs. Brown?<br>- I'm afraid she is out at the moment.<br>Can I take a message?<br>- Yes. You can ask her to give me a ring.......... | |
| | Почнување и завршување неформално писмо | Hi...., / Dear .....,<br>How are you? I hope the summer job is going well. .....<br>I'm writing ............<br>Well, I must finish now. See you soon. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Write back soon.<br>All the best, / Lots of love, | |
| | Почнување и завршување формално писмо/молба за работа | Dear Mr./Mrs./Ms. .....,<br>Dear Sir / Madam,<br>I am writing to you with reference to.......<br>I would like to work for you ....<br>I enclose a copy of my CV.<br>I look forward to hearing from you soon.<br>Yours sincerely / Yours faithfully, | |

| КОМПОНЕНТА 4: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да го следи и да го разбере основниот разговор во класот;<br>- да може да разбере едноставни инструкции;<br>- да може да разбере едноставни куси изрази;<br>- да може да разбере објава на | - Технологија на работа<br>- Специфични и основни поими од струката<br>- Саеми и изложби<br>- Еко-туризам | Restaurant booking:<br>*Restaurant: BonGusto Restaurant. How can I help you?*<br>*Caller: Hello. I'd like to book a table for three for Friday night.*<br>*R: Certainly. What time?*<br>*C: Half past eight.*<br>*R: Okay. Could you tell me your* | - Кратки текстови или кратки дијалози за слушање од снимен аудиоматеријал или со помош на комуникациски медиуми (Интернет.;<br>- Активности од типот на заокружување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| разглас на англиски јазик;<br>- да може да го препознае расположението на говорникот и околностите на разговорот;<br>- да може да глобално да разбере монолог, дијалог или разговор;<br>- да може глобално да разбере едноставен краток говор;<br>- да може да издвои специфични детали од слушнат монолог, дијалог или разговор. | | *name, please? …*<br><br>Guest: *"Steak and French fries for me and vegetarian lasagna for my wife."*<br><br>At the hairdresser's: *"My daughter is going back to school, so I'd like her hair cut shoulder-length. It just needs to be out of her face and easy to wear."*<br>*What is the matter?*<br>*You must be joking!*<br>*You can't be serious!*<br>*I don't mind living in the countryside. I just hate travelling 1 hour to work by bus.* | конкретни информации.<br>- Невербално реагирање на инструкција или исказ од наставникот.<br>- Слушање шеги, анегдоти, кратки композиции и филмска музика.<br>- Проверка преку прашања, заокружување во наставно ливче, пополнување, подредување измешани зборови. |

| КОМПОНЕНТА 5: ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да дава одговор во врска со зададена содржина;<br>- да може да учествува во основниот разговор во класот;<br>- да може да дава едноставни инструкции;<br>- да може на едноставен начин да опише лик, предмет или емоција;<br>- да опишува едноставни случки и активности;<br>- да може да каже што сака или не сака;<br>- да може да го искаже својот став. | Технологија<br>Младите<br>Основни поими од струката<br>Светот во кој живееме<br>Саеми и изложби<br>Техники на работа | *Are you ready to order, sir?*<br>*The dessert is on the house.*<br>*Taratur is a traditional Balkan side dish made of chopped cucumber, yogurt and garlic.*<br><br>*Do you prefer classical or trendy hairstyle?*<br><br>*What kinds of flowers do you plan to show on the fair?*<br><br>*The customer was in a hurry. He took the pound of sausages and left the change.*<br><br>*First turn off the power and then fix the wires.*<br><br>*Our head* ***chef*** *is one of the best cooks in town.*<br>*A: Who are your customers?* | Вежби и активности од типот на:<br>- учество во едноставен дијалог или краток разговор.<br><br>- Едноставен опис на луѓе, предмети, случки.<br>- Интерактивни вежби од типот на играње улоги и драматизација.<br>- Импровизирани ситуации со креативн измени врз основа на читан или слушан материјал. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *What are they interested in?*<br>*B: They are business people and their interest is in new tourist attractions.*<br>*A: What promotional features do you plan to use?* | |

| КОМПОНЕНТА 6: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да ја разбере наједноставната порака во текстот;<br>- да може да ги идентификува конкретните информации во даден текст;<br>- да може да одговара на поставени прашања на основа на текст;<br>- да следи инструкции;<br>- да може да го препознае видот на текст или песна или писмо, СМС порака, | Технологија<br>Младите<br>Основни поими од струката<br>Светот во кој живееме<br>Саеми и изложби<br>Техники на работа во соодветниот занает | E-mails<br><br>Directions: *Italian dressing: In a small bowl, mix together vinegar, lemon juice, basil and garlic. Add olive oil while whisking. Salt and pepper to taste. Serve immediately over fresh greens.*<br><br>Situational naratives related to the vocation: *Emily sat in the comfortable hairdresser's chair. "What would you like for her today?"* | -Читање краток текст со да одговарање на прашања.<br>-Следење инструкции.<br>- Одговарање на прашања со точно или неточно.<br>- Подредување настани по хронолошки редослед од едноставен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| статија од весник или друг информативен материјал;<br>- да може да го разбере логичкиот тек на настаните во даден текст;<br>- да може да ја разбере последователноста на фазите од одредена постапка или процес;<br>- да може да разбере пишана информација од билборд, огласна табла или монитор на автобуска станица, аеродром, железничка станица и др. јавни места; | | *the hairdresser,*<br>*asked Emily's mum.*<br>*"Well, she's going back to school, so I'd like it cut a*<br>*bit shorter than shoulder-length. It just needs to be out of her face and easy to wear," Emily's mum replied.*<br><br>*The Euro star train costs*<br>*$ 99 return and there is one train every hour. The train journey takes 3 hours. There are seats available now. Thank you so much.* | изворен текст.<br>- Точно подредување на измешани фази од едноставна постапка.<br>- Читање на СМС текст пораки. |

| КОМПОНЕНТА 7 : ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да пишува мерни единици од стручна терминологија;<br><br>- да пишува вокабулар на | Пишување на броеви, мерки за тежина, течност, децимали, проценти и валути | 1.254.998,00; inch, foot, yard, pint, 2.3 (two point three), $20 (twenty ponds);<br>16.5 (sixteen point five)<br>17.38% (seventeen point three | Вежби за правилна употреба на броевите, мерните единици, децимали во писмено изразување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дадената тема, конструкции и сврзници кои го одредуваат односот во реченицата;<br><br>- да пишува формулари, табели, графикони; упатства, прашалници;<br><br>- да пишува кратка Биографија;<br><br>- да пишува апликација за соодветно работна место;<br><br>- да пишува самостојно кратки дескриптивни и наративни состави од општа и стручнатематика со | Правилно пишување на поврзувачки средства во реченица;<br><br>Пополнување на формулари, табели од стручна тематика, пораки, СМС, телефонски пораки, упатства, имејлови, сл.;<br><br>Пишување на кратка биографија<br><br>Пишување на апликација за вработување, односно соодветна работна позиција | eight percent)<br><br>Conjunctions<br>- Coordinating: and, but, or<br>- Subordinating: when, where, because, if, that since, while<br><br>Complete the table with the suitable words......;<br>Write your answers in the questionnaire below....;<br>Write an email to your business partner.....;<br><br>CV (Curriculum vitae) според моделот на европската рамка | вежби со пишување и пополнување;<br><br>Вежби со поврзување на делови од реченици и реченици.<br>Вежби со дополнување на усвоениот вокабулар, крстозборки.<br><br>Вежби со пополнување и довршување на формулари, табели и реченици, комплетирање отворени дијалози, пополнување текстови со испуштени зборови, одговарање на прашалници.<br>Вежби со пишување на реченици од дадени елементи, пишување на упатства, диктирање на реченици, составување на реченици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| примена на соодветен вокабулар, јазични елементи и правилен правопис. | Пишување состави по дадена општа и стручна тематика, опишување на слика, опишување на предмет, пишување кратки краток извештај | I am writing to apply for a job.......which I saw advertised in the Times last week.<br><br>Write a short report about the place where you work/live/job position; | Вежби со дополнување на реченици во текст; текстови со испуштени зборови, пополнување CV, со или без визуелен материјал.<br><br>Вежби со довршување текст, поврзување реченици со сврзници, подредување на параграфи, пишување апликации по даден модел.<br><br>Вежби со пополнување на текст со испуштени реченици, подредување параграфи, пишување состави според даден текстуален модел. |

| КОМПОНЕНТА 8: КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| Културата не сеизучува изолирано како посебна компонента. Таа е застапена во сите компоненти на изучувањето на јазикотпреку содржините и темите во наставната програма.Тие треба да придонесат кај учениците да серазвиесвесност и способност за воочување на културните сличности и разлики како основа за развивање толеранција и емпатија кон другиот и различниот.<br>Во културолошкиот, воспитниот и социолошкиот пристап на наставните содржини и теми треба да се води сметка за однесувањето во различни култури т.е. да се обработуваат содржини кои овозможуваат споредба на културите (етникумите) кои се присатни во Р. Македонија и другите култури (културите и државите каде се зборува англискиот јазик). | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да стекне интеркултурни компетенции имајќи ги предвид културните разлики;<br>- да развие свесност и способност за воочување на културните разлики низ интеракцијата, воспитувањето и учењето на соодветни содржини;<br>- да се поттикне и стекне почит кон другите народи и нивните култури. | Култура на однесување<br>Исхрана<br>Традиција и обичаи<br>Култура на однесување на работното место | - Имиња, некои типични презимиња;<br>- модели на културно однесување, обраќање;<br>- комуникативни модели,<br>- празници, честитање празници, активности во врска со празниците (Денот на благодарноста, Божик, Априлијада, Велигден и сл.); | Користење мултимедијални ресурси кои овозможуваат текстот, сликите, аудио и видео-материјалот да се комбинираат на интересни и мотивирачки начини на графичко |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Туризам<br><br>Рекреација и хоби<br><br>Невербална комуникација | - имиња на улици и плоштади;<br>- распоред надневните и седмичните активности;<br>- користење/исполнување на слободното време;<br>- пазарење;<br>- традиционални јадења;<br>- песни;<br>- големите градови и нивнитекултурни знаменитости;<br>- запознавање со историјата на земјите од англиското говорно подрачје;<br>- паралингвистички елементи(интонација, гласност, брзинанаговор);<br>- гестикулации, говор на телото. | презентирање на материјалот на часот преку користење на проектор, копјутери и интерактивни табли.<br><br>Обезбедување пристап до богати извори на автентични материјали на Интернет. |

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставниот процес во стручното образование пред наставниците поставува повисоки барања во поглед на реализацијата на наставата. Наставникот не е само толкувач и пренесувач на содржините од наставната програма, туку мора да осмислува и организира активности со кои ќе создадат услови учениците да ги развиваат своите вештини и способности за критичко размислување. Исто така, треба да ја стимулира самоодговорноста на учениците во нивниот сопствен начин на учење. (Концепција на СОЗ, стр 31/32)

Наставникот треба да ги има предвид капацитетот и потенцијалот на учениците, како и нивните предзнаења, времето и техничките ресурси што ги има на располагање. Според тие параметри, наставникот треба соодветно да избере и креативно да примени форми, методи, техники и активности преку кои ќе ја спроведе пропишаната наставна програма.

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Со стандардите се дефинираат нивоата на постигањата на учениците преку описот на квалитетот и квантитетот на знаењата и способностите на учениците. Стандардите во наставните програми по англиски јазик произлегуваат од целите и задачите дефинирани во компонентите за изучување на јазикот. Тие претстатуваат основа врз која се темелат целите и содржините на наставните програми, а нивната правилна примена претставува почитување и примена на принципите на поучување, методските и други напатствија кои се содржат во нив. Стандардите по предметот англиски јазик ги содржат, главно, двете категории: категорија *знаење* и категорија *вештини и способности.*[5]

[5] Средно стручно образование (тригодишно), Стандарди за наставата по странски јазик и критериуми за оценување.

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши формативно и сумативно. Со други зборови, наставникот е должен да собира докази за постигањата на учениците кои докази, пак, ќе му овозможат на наставникот да ги оцени учениците на фер начин. При примена на методите наставникот треба да има предвид кое ниво на знаење го проверува. Важно е да се истакне дека со вклучување на нивоата на знаење ќе се овозможи заедничка договорена основа за собирање на докази за постигањата на учениците.

Сумарната оценка е заокружен збир од пондираните оценки за компонентите за кои се изведува таа оценка. Оценувањето на постигањата на учениците се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Ученикот треба да биде вреднуван со вкупно 4 оценки во текот на учебната година (2 оценки во првото и 2 во второто полугодие). Во секое полугодие, една оценка од две ќе се базира на тест, а другата оценка ќе се базира на усни, комуникативни проверки. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште во почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од писмените работи/тестови, оценките од усното искажување/активност на час, изработка домашни задачи. Постигањата на учениците ќе се мерат (вреднуваат) со формативни мерни инструменти во тек на целиот процес на учење. Учениците ќе бидат оценети сумативно на крајот на тримесечјето, полугодието и на крајот на учебната година.

По предметот англиски јазик учениците ќе бидат оценувани за сите 8 компоненти, т.е. за 4 јазични вештини (слушање, зборување, читање и пишување) кои се дел од Наставната програма. Оценувањето ќе се базира на Блумовата таксономија, т.е. на нивоата на знаења. Исто така, документот [6]Common European Framework of Reference of Languages (CEFRL), е појдовна точка за дефинирање на глобалните нивоа на владеење на јазикот на учениците.

Се препорачува да се користат *Табели на спецификација* со кои знаењата и вештините на учениците можат да се измерат попрецизно.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

---

[6] A Common European Framework of Reference of Languages, рамковен документ усвоен од Советот на Европа во 2001 година со цел давање една глобална скала на дескриптори на јазична компетенција.

Наставникот може да користи и **Европско јазично портфолио** како дополнение на другите начини на оценување и проверка на постигањата на учениците.

**Европско јазично портфолио** е проект кој тргнува од уверувањето дека учењето најдобро се унапредува со лична анализа на самиот процес на учење. Европското јазично портфолио содржи три елемети:

- пасош;
- јазична биографија;
- досие.

**Пасошот** ги содржи званичните сертификати и докази за постигнатите јазични компетенции, како и дел за впишување на резултатите од самооценувањето и интерното или екстерното оценување во училиштето.
**Јазичната биографија** е дел од портфолиото резервиран за размислување за сопственото учење, проценка на стекнатото знаење и напредување и планирање.
**Досието** ги содржи одбраните изработки на ученикот/ученичката кои ги рефлектираат (отсликуваат) знаењата и вештините наведени во јазичната биографија и во пасошот.
Се препорачува наставникот/чката да искористи дел или сите од наведените идеи во наставата. Со тоа постапката на учење ќе стане потранспарентна и ќе ги поттикне учениците постепено да преземат одговорнот за сопственото учење.

## VIII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата во реформираното стручно образование се одвива организирано и според утврдени приоритети, а обезбедувањето на работилници, кабинети, лаборатории и специјализирани училници се синхронизира со програмските барања.

## IX. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока VII [1].
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност - наставна насока VII [1].

## X. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

**Потпис и датум на утврдување на Наставната програма**

Наставната програма по англиски јазик_за втора (II) година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

_______________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-627/1 од 22.04.2013 год., координатор м-р Зора Бушовска, советник
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5512/1 од 01.10.2013 година
Скопје